Број 16 Година XI

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА
# ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
*www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk*

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлука за давање овластување за учество и одлучување во Собрание на акционери на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје**

1. Се објавува Одлуката за давање овластување за учество и одлучување во Собрание на акционери на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје, донесена на педесет и деветтата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 16 ноември 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-9903/1**
**Датум: 17.11.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Одлуката-Поканата за свикување на собрание на акционери од Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје под бр.0101/181 од 08.11.2016 година, која е примена и упишана под архивски бр.09-9729/1 од 09.11.2016 година во Општина Карпош, Советот на Општина Карпош, на педесет и деветтата седница, одржана на 16 ноември 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање овластување за учество и одлучување во Собрание на акционери на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош ги овластува членовите на Советот на Општина Карпош:

1. Горан Михајлов од Скопје со ЕМБГ 2105963450021 и
2. Марјан Огњановски од Скопје ЕМБГ 0803956450115

како овластени претставници на Општина Карпош, да го претставуваат Советот на Општина Карпош на Собранието на акционерите на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје, кое ќе се одржи на ден 08.12.2016 година со почеток во 11.00 часот, во просториите на Нотар Зафир Хаџи-Зафиров во Скопје, на улица Вељко Влаховиќ бр.1А/1-2, Општина Центар, да одлучуваат во името на Општината и Советот на Општина Карпош, да го потпишат Записникот од Собранието на акционери, како и сите потребни документи кои што ќе бидат користени во постапката, согласно предложениот дневен ред, а особено да одлучуваат и потпишуваат за:

1. Избор на претседавач на Собранието на акционери
2. Донесување на Одлука за зголемување на бројот на членови на Одборот на директори
3. Донесување на Одлука за промена на седиштето на Акционерското друштво
4. Донесување на Одлука за измена на Статутот на Акционерското друштво
5. Донесување на пречистен текст на Статутот на Акционерското друштво

Воедно горенаведените лица ги овластуваме да одлучуваат и потпишуваат за други статусни промени во друштвото, во рамките на предметот на работењето на друштвото, кои ке бидат предложени и усвоени на Собранието на акционери кое ќе се одржи на ден 08.12.2016 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-9862/4
Датум: 16.11.2016 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
м-р Сашо Лазаровски, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за давање овластување за учество и одлучување во Собрание на акционери на Друштвото за спортски дејности КОШАРКАРСКИ КЛУБ КАРПОШ-СОКОЛИ 2000 АД Скопје, со Решение за објава

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**